doma.edu.mk | 26.07.2023
Новинар: Мартин Пушевски

# Бектеши раскажуваше, се правда со одлуката на Управен и заканите за арбитражна постапка

Откако беше задолжен од Владата, министерот за економија Бектеши конечно се појави во јавноста. На долго и на широко ја раскажа хронологијата за рудникот „Иловица“. Им се извини на новинарите кои претходниот ден час и половина го чекаа на прес-конференција, којашто потоа се одложи.

Бектеши почна со тоа дека Министерството за економија никого не довело во заблуда. Рече дека имал конструктивна дискусија со неговите колеги. Повторно се правдаше со одлуката на Управниот суд и одредбите од Законот за минерални суровини.

Бектеши потврди дека Владата на последната седница решила да ја поништи нејзината одлука од пред еден месец за спојување на двете концесии, иако, тој очекува концесионерот тоа да го оспори. Бектеши при гласањето бил воздржан. Со тоа вели, процесот се враќа каде што бил претходно, кога не била донесена ниту позитивна, ниту негативна одлука, односно во статус-кво.

„Еуромакс има сопственост на двете концесии. Не се одземени концесиите од страна на Владата што значи дека тие, согласно Законот за минерални суровини имаат право да го обноват барањето за спојување на концесиите и одлуката и насоките од Управниот суд, каде што му наложува на Министерството за економија да постапи согласно управните постапки и законските прописи. И, ние тоа сме го направиле и доставивме предлог-одлука. Дадовме предлог до Владата врз основа на документацијата, којашто има надлежност да донесе одлука“, изјави Бектеши.

Министерот се осврна и на арбитражните постапки што се водат против земјава, со што се заканува и „Еуромакс“.

„И стенограмите на Владата и ставовите на секој член на Владата се земаат како докази во арбитражни постапки. За вакви работи има експерти, правни тимови, луѓе кои ги

носеле одлуките и кои треба да стојат зад тие одлуки, кои треба целосно да бидат во насока на бранење на државниот интерес и заштита на граѓаните зашто зборуваме за милионски суми. Ние никому не смее да му скратиме некое административно или техничко право, а да не зборуваме да непостапуваме како институции, а некој да може да се жали дека намерно му се прави неправда.“, рече Бектеши.

Според него, има и други документи што инвеститорот треба да ги прибави, што ако не се случи може да се искористи за раскинување на договорот. Вели, потребно е да се донесе акт со што ќе се докаже дека рудникот ќе ја загади животната средина.

„Ќе се обидеме на секаков начин да најдеме правен простор за оваа инвестиција да не се случи, но, ние мислиме дека има полесен, побрз и поедноставен пат“, рече Бектеши.

Во долгата хронологија, тој раскажа како „Фелпс Доџ“ во 2005 година побарал концесија за детални геолошки истражувања. Министерствата за животна средина и за земјоделство дале позитивно мислење, па Владата предводена од Бучковски дала концесија за истражувања. Подоцна инвеститорот побарал концесија за експлоатација. Пак добил позитивно мислење од Министерството за животна средина, а потоа и од




Управата за заштита на културното наследство, потпишано од Паско Кузман. Позитивно мислење дале и Министерството за земјоделство кога министер бил Љупчо Димовски, како и од Транспорт и врски, ресор што го предводеше Миле Јанакиески. И Општина Босилово дала позитивно мислење за првата концесија. Министерството за економија и предложило на Владата, која на 16.06.2012 година донела одлука за концесија за експлоатација. Седницата била водена од Зоран Ставрески, а тогашниот министер за економија Беким Незири го потпишал договорот со концесионерот.

Во меѓувреме, Владата ја отпочнала постапката за втората концесија, којашто целосно ја заобиколува првата концесија. Бектеши рече дека друг треба да објасни зошто се такви координатите, и дали тоа било направено намерно или ненамерно.

Министерството за економија објавило повик за втората концесија за детални геолошки истражувања. Повторно има позитивни мислења од животна средина, земјоделство, култура, транспорт и врски, општините.

„Фелпс Доџ" ја добива концесијата за геолошки истражува на 7.12.2010 година, а седницата на Владата ја водел Зоран Ставрески. Договорот за истражување го потпишал тогашниот министер за економија Фатмир Бесими. Инвеститорот доставил барање за добивање концесија за експлоатација. Пак има позитивни мислења, овојпат и од Општина Ново Село оти втората концесија просторно влегува во двете оштини, Ново Село и Босилово. Владата донела одлука којашто ја потпишал екс-премиерот Никола Груевски.

Инвеститорот побарал дозвола за експлоатација за да почне да копа бакар и злато, но, и спојување на концесиите. Министерството за економија формирало комисија којашто направила теренски увид и утврдила дека условите се исполнети. Ресорот до 2016 година до Владата доставил предлог-одлука за спојување на концесиите, иста како и пред еден месец. Зошто тогаш не била донесена одлука? Бектеши рече дека тоа било поради политичката ситуација во предизборито и технички проблеми со координатитите. Оттука, немало ниту позитивна, ниту негативна одлука што според Бектеши можело да се толкува и како „молчењето е одобрување".

Бектеши потврди дека во 2018 година го обвновил барањето до Владата за спојување на концесиите. Оваа точка се нашла на дневен ред на најмалку четири седници на претходниот состав на Владата, но, немало одлука, за што инвеститорот поднесе тужба.

„Кога е доставно барањето за спојување на концесиите, тие компании коишто се споменуваат не биле дел од акционерската структура на таа фирма", рече Бекташи.

Бектеши потврди дека инвеститорот правел „фаули" и доставувал некомплетна документација. Објасни дека со враќањето на првата концесија, роковите почнуваат отпочеток.